Makedonski Telekom CA, Aleksandar Dimovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Aleksandar Dimovski
Date: 2020.04.28 14:46:45 +02'00'

Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2, Скопје, Република Северна Македонија
Тел.: + 389 02/3235-400; Факс: + 389 02/3235-500
Е-маил: manu@manu.edu.mk

арх. бр. 03-1256/3
28.4.2020 година

**До:** Економски оператори
Предмет: Покана за поднесување понуда за јавна набавка на стоки за **Реагенси, лабораториски потрошен материјал и пластика и заштитна опрема потребни за дијагностицирање на корона вирусот**

Почитувани,

Македонската академија на науките и уметностите, со адреса на бул. „Крсте Мисирков“ бр. 2 – 1000 Скопје, телефон за контакт: 02/3235-400, електронска адреса: manu@manu.edu.mk, веб-страница: http://manu.edu.mk/ има потреба од јавна набавка на стоки – *Реагенси, лабораториски потрошен материјал и пластика и заштитна опрема потребни за дијагностицирање на корона вирусот* и за таа цел спроведува постапка со преговарање без објавување оглас согласно член 55 став 6 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“, бр. 24/19), како резултат на започнување со тестирање за присуство на COVID-19 вирусот во ИЦГИБ „Георги Д. Ефремов“.

Оваа јавна набавка ќе се спроведе како постапка со преговарање без објавување оглас, во согласност со Известувањето на Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии од 17.03.2020 за реализирање на јавни набавки по член 55 став (6) од Законот за јавните набавки, а со цел потребите да се задоволат во најкус можен рок без било какво одлагање.

За таа цел, Ве молиме да ни доставите првична понуда за горенаведениот предмет на јавна набавка во согласност со приложената техничка спецификација и тоа најдоцна до **4 мај 2020 година до 10:00 часот** во Архивата на МАНУ, на начин дефиниран во член 31 ставовите 3 и 4 од Законот за јавните набавки, користејќи ги обрасците кои се прилог кон тендерската документација.

Ве молиме, во понудата да наведете и лице кое во име на понудувачот ќе учествува во преговорите за реализација на набавката (име и презиме, контакт телефон). Преговорите ќе се спроведат во просториите на Академијата, со почеток од 10 часот на 5 мај 2020 година.

Однапред благодариме на соработката.

раководител на ИЦГИБ „Георги Д. Ефремов“
доп. член Александар Димовски